Биро за развој на образованието
Арх. бр. 08-1346/1 од 20.7.2022 год.

**Наставна програма за СЛОБОДЕН ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ**

**(петто одделение – нова концепција за основно образование)**

**ООУ „ Славејко Арсов “ - Штип**

# МУЛТИКУЛТУРНИ РАБОТИЛНИЦИ

**- поддршка на личниот и социјалниот развој**

**(се обработува полугодишно,број на часови 36)**

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Наставната програма вклучува релевантни компетенции од следните подрачја : **Личен и социјален развој, Општество и демократска култура**

**Ученикот/ученичката знае и/или умее**

**Подрачје: Личен и социјален развој**

- да ги препознава емоциите кај себеси и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите;
- да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе и по другите;
- да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина);
- да дејствува самостојно, со целосна свесност од кого, кога и како може да побара помош;
- успешно да се справува со социјални притисоци;
- да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата;
- да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин;
- да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите;
- да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни;
- да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите;
- да истражува, поставувајќи релевантни прашања со цел да ги открие проблемите,
- да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките.
- да согледува дека вербалната и невербалната комуникација може да имаат позитивни и негативни последици по односите со другите;
- да ги запознава можните извори на конфликти;

- да ги осознава различните видови реакции во конфликтна ситуација и последиците од таквите реакции;
- да се запознава со базичните потреби на луѓето и како може да предизвикуваат конфликт;
- да ги запознае правилата на „јас- обраќање“;
- да се оспособува да ги разликува конфликтите што се предизвикани од различни извори;
- да се поттикнува да прифаќа дека во секој конфликт има најмалку две страни;
- да согледува дека од начинот на реагирање зависи дали конфликтот ќе се реши или ќе ескалира;
- да согледува дека луѓето можат различно да гледаат на исти нешта и тоа може да биде извор наконфликт;
- да согледува дека незадоволувањето на базичните потреби на луѓето може да предизвика конфликт.

**Подрачје : Општество и демократска култура**

- да објасни како општествените фактори влијаат врз личноста и средината и да ги зема предвид при формирање мислење и донесување одлуки;
- да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата;
- да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува;
- да прави критичка рефлексија за различните лични и општествени вредности и однесувања во различни контексти (особено во етички сензитивните ситуации), да ги почитува општествено прифатените норми и вредности, но и да ги предизвикува кога мисли дека тоа е потребно;
- да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација итн.);
- да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација;
- да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротивставува на него;
- да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите;
- критички да анализира и дискутира за вредностите на граѓанското општество, различните улоги и однесувања на граѓаните и за својата улога во него.

<u>**Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:**</u>

**Подрачје: Личен и социјален развој**

- ✓ секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина;
- ✓ иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации;
- ✓ интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопственитеинтереси и потреби;
- ✓ барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план.

**Подрачје Општество и демократска култура**

- ✓ не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација итн.);
- ✓ сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси;
- ✓ човековите права се универзални, а границите на правата на секој човек се правата и слободите на другиот;
- ✓ неселективното почитување на човековите права и слободи е клучно за добросостојбата на поединците и за општестото во целина;
- ✓ еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата;
- ✓ личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес;
- ✓ секој граѓанин е должен одговорно да се однесува кон сограѓаните, заедницата и општеството во целина, постојано имајќи ги предвид последиците од своите постапки по другите и околината;
- ✓ нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни култури/етникуми и секој нејзин граѓанин е одговорен да придонесува за интеркултурна размена и почитување на човековите права во интерес на заедничкото живеење во интегрирано, етнички кохезивно општество.

**РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ**

## Тема : Мултикултурни работилници

Знаења/вештини: (се користат наведените или слични фрази за наведување на знаењата/вештините што се очекува да се научат додека се работи на темата

-  Прави разлика меѓу различните извори на конфликт;
-  Може да ги идентификува/препознае емоциите кај себеси и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите;
-  Умее да користи невербални знаци и вербалните изрази што имаат позитивно влијание врз односите со другите;
-  Разбира дека интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопственитеинтереси и потреби;
-  Сфаќа дека сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси;
-  Знае дека незадоволувањето на основните човекови потреби и интереси може да предизвика конфликт;
-  Има познавања доволно за да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни.

| Ставови/вредности: (се користат наведените или слични фрази за наведување на ставовите/вредностите што се очекува да се стекнат додека се работи на темата |
| --- |
| - Ги почитува другите, различните од себе ;<br>- Смета дека соработката со другите е неопходна за личен и социјален развој;<br>- Ја прифаќа различноста , нееднаквоста како нешто нормално;<br>- Подготвен/а е да презема активности кои важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации;<br>- Има критички и негативен став кон дискриминацијата,егоизмот,непочитувањето и сл;<br>- Ја осудува дискриминацијата по било која основа;<br>- Верува дека секој граѓанин е должен одговорно да се однесува кон сограѓаните, заедницата и општеството во целина, постојано имајќи ги предвид последиците од своите постапки по другите и околината;<br>- Поддржува меѓусебно разбирање, поддршка, соработка и почитување без кои нема другарство;<br>- Разбира дека секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина;<br>- Се залага за ставот дека потребите на другите се еднакво важни како и неговите/нејзините , како и дека од начинот на реагирање зависи дали конфликтот ќе се реши или ќе се прошири. |

| **Содржини (и поими) и број на часови**<br><br>-.**Воведни работилници**<br>( вкупно: 8 часа)<br>**-Мултукултурни работилници**<br>(вкупно: 24 часа)<br>**-Изведбени работилници**<br>(вкупно: 4 часа) | **Примери на активности:**<br><br>(Се наведува повеќе примери за секоја содржина. Наведените примери мора да ги покриваат сите претходно наведени знаења/вештини и ставови/вредности |
| --- | --- |
| **Содржина:** Воведни работилници<br>**Работилница:** Имиња во воздух (запознавање и лична афирмација) /стр.6 / број на часови:1 | Сите ученици стојат во круг. Секој со движење на прстот си го пишува своето име во возух и го трга на страна. Потоа глуми како да дува балон, го „става“ своето име во него и нежно го „заврзува“. Секој почнува слободно да се движи низ просторот глумејќи како нежно си игра со тој „балон“, а по одредено време се прават двојки кои нежно си ги додаваат своите „балони“. |
| **Содржина:**Воведни работилници<br>**Работилница:** Правила на групата (воспоставување правила за работа и градење групна кохезија) /стр.11 број на часови:2 | Од учениците се бара да објаснат како се игра кошарка, односно што смеат, а што не смеат кошаркарите да прават. Откако ќе набројат повеќе работи, се заклучува дека сите набројани нешта се правила на играта и се прашува: „Зошто се потребни тие правила? Што би се случило доколку нема правила на играта?“. Потоа дискусијата се префрла на самите часови, со тоа што се поставува прашањето: „Како треба да се работи за време на часовите за да може тие да се одржуваат како што е планирано и да им бидат интересни на учениците?“. Доколку е потребно,наставникот помага преку потпрашања за одговорите да се конкретизираат многу јасно и како такви ги запишуваат на табла истовремено на сите застапени наставни јазици во групата.<br>Особено се очекува да се добијат следниве правила: почитување (без навреди, без омаловажување, без исмејување, без упаѓање во збор, ислушување на тој што зборува), кревање рака за барање збор, да се биде активен и редовен на часовите, слободно изразување на било кој од застапените наставни јазици во групата, помагање во разбирање на друг наставен јазик од страна на други ученици кои го разбираат. На крајот, усвоените правила се запишуваат |

| | |
|---|---|
| | на хартија со големи букви на сите застапени наставни јазици во групата и се истакнатуваат на видно место заради потсетување на нив кога е потребно. |
| **Содржина:**Мултикултурни работилници<br>**Работилница:** Како се кажува "црвено" на друг јазик<br>(учење зборови на јазикот на „другите", промовирање соработка со „другите") /стр.52<br>број на часови:1 | Учениците се делат во групи по четири-пет. Секој ученик во рамките на својата група добива по една боичка во различна боја и еден лист за цртање кој претходно е поделен со една линија на две половини. Се дава инструкција сите на едната половина да нацртаат цвеќе, сонце и трева со боичката со која располагаат.<br>По извесно време се дава инструкција да направат уште еден цртеж, на другата половина од листот, но овој пат можат да ги употребат и боичките на другите учесници во групата, но само ако ги замолат да им ги позајмат - не може да се земе туѓа боичка без прашање. При тоа, прашањето се кажува на мајчиниот јазик на следниов начин: ...(име на учесникот), можеш ли да ми ја дадеш ... (име на бојата)?. |
| **Содржина:** Мултикултурни работилници<br>**Работилница:**Како да го заспијам бебето?<br>(учење зборови на јазикот на „другите", промовирање соработка со „другите") /стр.57<br>број на часови:1 | Учениците поделени во групи, добиваат по еден примерок на група од работниот лист: Бебе и облека и треба да го исечат и изобојат бебето и облеката, да го „облечат", да го покријат со ќебе. Наставникот ги претставува приспивните песни и ги прашува учениците дали им се познати. Доколку им се познати, наставникот ги преведува и го објаснува значењето, па сите заедно ги пеат на едниот, па на другиот јазик. Потоа во групата, облеченото и покриено „бебе", еден по еден ќе треба да се обидат да го „заспијат" со нишкање во раце и со пеење на песната за заспивање - секој на својот јазик. Но, „бебето" нема да може да „заспие" и затоа кога еден ученик ќе заврши со пеењето на приспивната песна, ќе треба да му се обрати на ученикот до него со следнава молба: Комшија, комшија, никако не можам да го заспијам бебево! Ај те молам, пробај ти со твојата песна да го заспиеш, и да му го подаде „бебето". „Бебето" треба да кружи кај сите учесници во малите групи, а на крај треба да го стават на клупа и сите заедно да му пеат приспивни песни на едниот, па на другиот јазик и тогаш „бебето" ќе заспие.<br><br>Нани, нани бебе,<br>во шарено ќебе,<br>големо да пораснеш,<br>убаво да бидеш.<br><br>Nina-nina, kuti-kuti<br>ta përkundi nëna djalin<br>nina-nina, kuti-kuti<br>djalin tim o, e përkundi<br>zëre gjumë, gjumë i ëmbël |
| **Содржина:** Воведни работилници<br>**Работилница:** Пантомима<br>(градење групна кохезија)<br>број на часови:1 | -Учениците се делат во групи. Секоја група на лист добива една напишана емоција (разочараност, лутина, онеправданост, вљубеност, гордост, тага), а таа треба да смисли ситуација каде таа ќе дојде до израз и неа невербално да ја прикаже пред другите кои треба врз база на опишаниот настан да ја погодат емоцијата.<br>-Учениците се делат во двојки. Секој во двојката замислува одреден предмет кој постои во просторијата (на видно место) и само преку невербален говор се обидува да му го опише на својот партнер кој треба него да го погоди, по што се сменуваат улогите. |

| | |
|---|---|
| **Содржина:** Воведни работилници<br>**Работилница:**Летен дожд<br>(градење групна кохезија)<br>број на часови:1 | Сите ученици стојат во круг. Наставникот почнува да произведува еден звук – наизменично „пукање" со прстите кој го пренесува на првиот од неговата десна страна, а тој потоа на другиот до него и така сѐ до последниот ученик од кругот. За време на пренесувањето на звукот, сите кои го примиле продолжуваат да го прават сѐ додека не добијат нов звук. Кога ќе дојде повторно ред на наставникот кој започнал, тој го менува звукот – наизменично удирање по колената – и го пренесува на истиот начин како и во претходниот круг, при што сите останати продолжуваат со првиот звук сѐ додека да го добијат новиот од оној што е од нивната лева страна. Следни звуци: наизменично тропање со нозете по подот, па потоа плескање со рацете. Откако ќе се заврши со плескањето со рацете, може веднаш да се продолжи со истите звуци, но по обратен редослед. Така се добива впечаток на врнење дожд, кој на почетокот е слаб и тивок, потоа сѐ повеќе се засилува и откако ќе доживее кулминација (плескањето со рацете), постепено се смирува. Многу е важно за цело времетраење на играта да биде целосна тишина, за да може да се доживее ефектот на засилување и смирување на дождот. |
| **Содржина**:Воведни работилници<br>**Работилница:**Правила на групата<br>(припадност кон групата и<br>воспоставување правила на<br>групата ) стр.47,48,49<br>број на часови:2 | - Се формира полукруг од празни столчиња, а учесниците стојат пред него. Еден од реализаторите седнува на средното столче во полукругот и вели Од лево сакам... (некоја желба, нешто што му се допаѓа или сака да го прави), и еден учесник кој го сака истото нешто седнува до столчето од левата страна на реализаторот. Веднаш потоа реализаторот продолжува: Од десно не сакам... (нешто што не му се допаѓа или не сака да го прави) и друг учесник кој не го сака истото нешто седнува десно од реализаторот.<br>- Со учесниците се дискутира за правила кои би требало да бидат усвоени за да може успешно да се одвиваат активностите на оваа програма. Правилата треба да ги донесуваат учесниците, а не да бидат наметнати од реализаторите. Реализаторите треба да ја водат групната дискусија и да обезбедат договорените правила да бидат запишани на хамер. На крајот, правилата се ставаат на ѕид за да може, по потреба, да се повикуваат на секое од нив. Правилата не мора да бидат формулирани точно онака како што се дадени во примерот што следува, ниту пак групата треба да се ограничи само на нив. |
| **Содржина:** Воведни работилници<br>**Работилница:** Мојот куфер<br>(• меѓусебно запознавање на членовите на членовите од групата)<br>/стр.50 / број на часови1 | Секој учесник добива по еден примерок од работниот лист за учесниците: Мојот куфер, кој го пополнува индивидуално, така што: замислува животни ситуации, односно кои чувства и особини најчесто ги носи во/со себе; без кои пет нешта не би можел/а да се преживее на пуст остров; кои лица го/ја прават да се чувствува покомотно, посигурно, подобро, односно кои лица би ги земала со себе и за што најчесто фантазира. Откако ќе го пополнат работниот лист, се формираат тројки или четворки, каде што усно се разменуваат содржините. Потоа, пред сите, секој ги споделува сите нешта кои сака да ги сподели со останатие. При тоа мора да се споделат барем три, а доколку некој сака можат да се споделат и сите. Во сите ситуации треба накусо да се објасни и зошто ги напишале |

| | |
|---|---|
| | токму тие нешта. |
| **Содржина:** Мултикултурна работилница<br>**Работилница:** Свадба-традиционални обичаи<br>(развивање свесност за постоењето на сличности и разлики во обележјата на сопствената и „другите“ култури, учење зборови на јазикот на „другите“) стр.92<br>број на часови:1 | Учениците се делат во четири етнички хомогени групи. Секоја група добива задача да издискутира какви сè традиционални обичаи се практикуваат кога се прават свадби во нивната етничка заедница.Потоа треба да изберат еден обичај и да го изглумат пред останатите групи. На крајот, откако сите групи ќе ги изглумат избраните обичаи, се поттикнува разговор меѓу групите на тој начин што на секоја група ѝ се дава право да постави по едно прашање во врска со традиционалните обичаи при свадби на останатите групи, а секоја од прашаните групи треба да одговори најдобро што може. |
| **Содржина**:Проектни изведбени работилници<br>**Работилница:** Поединечни рамка<br>(изработка рамки, промовирање соработка со „другите)<br>/стр. 119...123 / број на часови:2 | Учесниците се делат во шест групи. По две групи изработуваат еден вид рамка за цртежи. Сите заедно ќе учествуваат во правење онолку рамки колку што има членови во групата, а на крај, по случаен избор, со влечење ливче ќе се определи која рамка кој ќе ја добие. Во рамката, секој ќе го залепи цртежот што го избра. |
| **Содржина**:Проектни изведбени работилници<br>**Работилница:** Изработка на честитки<br>(учење зборови на јазикот на „другите“, промовирање соработка со „другите)<br>број на часови:1 | Учениците изработуваат роденденски честитки , при тоа запишуваат” Среќен роденден “на различни јазици. Меѓусебно си ги разменуваат честитките. |
| **Содржина:** Мултикултурна работилница<br>**Работилница:** Славиме роденден/ именден<br>(запознавање со одредени обичаи при прослава на роденден во различни култури) /стр.61,62 и 63<br>број на часови:2 | Наставникот може да прочита приказна со соодветна тематика за прослава на детски роденден. Учениците дискутираат и одговараат на прашањата :<br>Како се чувствуваме кога ни е роденден?<br>Дали оваа песна што ја пеевме денес е иста или различна? Во што е разликата? Дали ја има и на друг јазик?<br>Како обично честитаме роденден? Како се честита роденден на македонски јазик, а како на албански/ромски/турски (зависно од тоа кој јазик е застапен во групата)? Дали се прави и нешто друго освен што се посакува среќен роденден? Дали се пеат песни за роденден? Кои други песни можат да се пеат за роденден?<br>Заклучуваат дека кога ни е роденден обично се чувствуваме среќно и весело. Во многу средини роденденот е важен празник особено за децата и им се честита со среќен роденден, а може и да се потегнат за уши за да растат големи . Се пеат и разни песни – некои на јазикот на детето, а некои и на англиски.<br>Песната што најчесто се пее е на мелодијата од англиската песна “happy birthday to you”. |
| **Содржина:** Мултикултурни работилници<br>**Работилница:** Кажи ми како да направам<br>( развивање свесност за постоењето на сличности и разлики во обележјата на „другите“ култури)<br>/стр.83...86 / број на часови:2 | -Реализаторите пред работилницата имаат подготвено по шест идентични листови за секоја група, при што на секој од нив е претставено едно нешто препознатливо (фигура-модел) кое е добиено со лепење на геометриски форми (круг, триаголник, квадрат и правоаголник) во различни бои (жолта, црвена, зелена и сина) и големини (мали и големи), а идеи за ова може да се добијат од работниот лист за реализаторите: Цртежи од геометриски форми. Се препорачува за секоја група да има по две фигури-модели кои се едноставни, потоа |

| | |
|---|---|
| | две кои се малку посложени и на крајот две кои се уште посложени. Реализаторите имаат подготвено и комплет геометриски форми за секоја група (круг, триаголник, квадрат и правоаголник) во различни бои (жолта, црвена, зелена и сина) и во две различни големини (мали и големи), зависно од тоа кои и какви делови се потребни за да се состават модел-фигурите.<br>- Со целата група најпрво се учи да се брои од 1-6 на едниот, а потоа и на другиот јазик застапен во групата, така што најпрво реализаторите бројат гласно, а по секоја бројка прават пауза за сите учесници неа да ја повторат во еден глас. Потоа секој учесник добива по една бројка од еден до шест (работен лист за реализаторите: Бројки 1-6), која ја залепува на видно место на горниот дел од едното стапало на самиот чевел. |
| **Содржина:** Мултикултурни работилници<br>**Работилница:** Прослава на празници<br>(развивање свесност за постоењето на сличности и разлики во обележјата на сопствената и на „другите“ култури, учење зборови/ фрази на јазикот на „другите“)<br>број на часови:2 | Наставникот поведува разговор за празниците кои се карактеристични за учениците од групата (на пример, Бајрам, Божик, Ѓурѓовден), и се поттикнуваат учениците да прашуваат што не знаат. Разговорот треба да ги опфати семејните обичаи во однос на храната што се јаде, облеката што се носи, како и обичаите во врска со посетите, но без верската позадина на празникот.<br>Примери за прашања кои може да се постават:<br>1. Кои празници ги славите?<br>2. Каква храна се приготвува дома за овие празници?<br>3. Дали одите и дали ви доаѓаат гости?<br>4. Дали се даваат подароци?<br>5. Како се честита празникот?<br>6. Дали има некоја песна што се пее?<br>Заклучуваат заеднички дека е добро е да имаме слични нешта со другите затоа што така другиот ни е поблизок и така полесно можеме да си играме со него, да го разбереме, да ни биде убаво.<br>Но, исто така убаво е и да си имаме различни нешта со другите затоа што тоа ни дава можност да научиме нови работи, нови игри, нови обичаи и нов јазик. |
| **Содржина:** Мултикултурни работилници<br>**Работилница:**Баклава и сарма (развивање свесност за постоењето на сличности и разлики во обележјата на сопствената и на „другите“ култури, учење зборови на јазикот на „другите“)<br>број на часови:2 | Учениците се делат во четири групи. Две групи добиваат задача да работат на приготвување „баклава“, а другите две на приготвување „сарма“.<br>Сите групи добиваат ист материјал: хартија во различна боја (за подготовка на внатрешноста на сармите/баклавите), листови хартија за бришење раце (за подготовка на листовите/корите), ножици и картонски кутии (како тава/тенџере). Ако некоја група има потреба да ја сече баклавата, наставникот помага со скалпел.<br>На крај групите ги презентираат своите продукти објаснувајќи како ги направиле (што ставиле внатре).<br>Некои јадења се приготвуваат почесто, а некои поретко. Некои јадења пак, се приготвуваат за специјални прилики какви што се празниците. Така на пример, за Бајрам скоро секогаш се приготвува баклава, а за Божиќ – сарма.<br>На вториот час може да се изведе друга активност со друг вид на традиционално јадење карактеристично за одредена етничка заедница во Македонија. |
| **Содржина** :Проектни изведбени работилници<br>**Работилница:** Изработка на честитки<br>(учење зборови на јазикот на „другите“, промовирање соработка со „другите)број на часови:1 | Учениците изработуваат новогодишни честитки , при тоа запишуваат” Среќна нова година “на различни јазици. Меѓусебно си ги разменуваат честитките. |

| | |
|---|---|
| **Содржина:** Мултикултурни работилници<br>**Работилница:** Слушање музика (развивање свест за постоење на сличности и разлики во обележјата на сопствената и „другите“ култури)<br>број на часови:2 | Учениците слушаат и идентификуваат карактеристични народни песни и народни игри/ора од секоја етничка заедница во Република Северна Македонија. |
| **Содржина:** Мултикултурни работилници<br>**Работилница:** Музички игри,танци и ора<br>(развивање свест за постоење на сличности и разлики во обележјата на сопствената и „другите“ култури)<br>број на часови:2 | Учениците учествуваат во музички игри со слушање,пеење и играње ора и танци од секоја етничка заедница во Република Северна Македонија. |
| **Содржина:** Мултикултурни работилници<br>**Работилница**: Музички инструменти и ора<br>(развивање свест за постоење на сличности и разлики во обележјата на сопствената и „другите“ култури)<br>стр.91 / број на часови:2 | Учениците слушаат и идентификуваат карактеристични , традиционални народни музички инструменти од секоја етничка заедница во Република Северна Македонија. |
| **Содржина:** Мултикултурни работилници<br>**Работилница:**На гости кај...<br>(развивање свесност за постоењето на сличности и разлики во обележјата на сопствената и на „другите“ култури, учење зборови/ фрази на јазикот на „другите”) /стр.79 / број на часови:2 | Учесниците се делат во четири етнички „чисти“ групи. Секоја група добива задача да смисли и да се договори како ќе презентира ситуација кога некој им доаѓа дома на гости. Треба да се обрне внимание презентациите да се однесуваат на типичните/традиционалните работи кои се прават при доаѓање на гости во конкретната култура, а што се однесуваат на поздравување, обување/собување, послужување со пијалоци и со храна и испраќање на гостите. Групите ги добиваат потребните материјали за подготовка на работи кои ќе служат да се пречекаат гости кај припадниците на различните култури.<br><br>Откако ќе се подготват за презентација, секоја група ја изглумува со пантомима (без зборување) ситуацијата што ја подготвила. При тоа, еден член на групата ќе биде гостинот, а двајца ќе глумат домаќини (маж и жена). По потреба се објаснуваат подготвените материјали за пречекување на гости (што претставуваат, како се направени итн.) |
| **Содржина:** Мултикултурни работилници<br>**Работилница:** Културен квиз (запознавање со културата на „другиот“) /стр.87<br>број на часови:2 | Наставникот подготвува квиз прашања , учениците одговараат на прашањата. По завршување на квизот дискутираат и заклучуваат дека има нешта кои се однесуваат на културата на разните групи кои сите, или повеќето, ги знаеме едни за други но, има и нешта за другите кои повеќето не ги знаат. Кога имаме можност да комуницираме, да бидеме заедно со другите, полесно и повеќе работи можеме да дознаеме едни за други. Кога живееме заедно во еден ист простор, колку повеќе знаеме едни за други толку повеќе се почитуваме и градиме односи на меѓусебно помагање. |
| **Содржина:** Мултикултурни работилници<br>**Работилница**:Прослава на Нова | Учениците се делат на две етнички хомогени групи. Секоја група довива по еден примерок од работниот лист: Прослава |

| | |
|---|---|
| (развивање свест за постоење на сличности и разлики во прославувањето на Нова година меѓу различните заедници,поттикнување соработка со ”другите” преку остварување заеднички цели) /стр.89<br>број на часови:1 | на Нова година. Следејќи ги точките од работниот лист, и со помош на дадените материјали, групите треба да подготват прослава на Нова година во домашни услови. Откако ќе бидат готови, користејќи ги изработените реквизити, групите презентираат Дочек на Нова година преку играње улоги. При прославувањето на Нова година има многу работи кои се исти или пак слични кај Македонците и припадниците на друга етничка заедница. Сепак, има и некои работи кои се различни кои првенствено произлегуваат од тоа што културите се различни (храна, музика итн.).Сличностите во дочекот на Нова година (подароци, накитена елка, одбројување од 10 до 0 предполноќ итн.), пред сѐ, се должат на тоа што се работи за универзален празник што се празнува низ целиот свет.Во услови кога има добри, пријателски односи помеѓу Македонци и припадниците на друга етничка заедница, може да се очекува и заедничко славење на Нова година. При тоа, треба да се почитуваат и обичаите и на едните и на другите и новогодишното славење. |
| **Содржина:** Мултикултурни работилници<br>**Работилница:** Обичаи при раѓање на дете<br>(развивање свесност за постоењето на сличности и разлики во обележјата на сопствената и „другите“ култури, учење зборови на јазикот на „другите”) стр.71<br>број на часови:1 | Учениците се делат во четири етнички хомогени групи. Секоја група добива задача да издискутира какви сѐ традиционални обичаи се практикуваат кога се раѓа дете во семејството.Потоа треба да изберат еден обичај и да го изглумат пред останатите групи. На крајот, откако сите групи ќе ги изглумат избраните обичаи, се поттикнува разговор меѓу групите на тој начин што на секоја група ѝ се дава право да постави по едно прашање во врска со традиционалните обичаи при раѓање на дете на останатите групи, а секоја од прашаните групи треба да одговори најдобро што може. |
| **Содржина:** Мултикултурни работилници<br>**Работилница:** Идеално училиште<br>(развивање свест за рамноправен третман на различните етнички заедници, поттикнување соработка меѓу членовите на групите)<br>број на часови:1 | Учениците се делат на четири групи. Секоја група работи на тема: ИДЕАЛНО УЧИЛИШТЕ КОЕ ГИ ПОЧИТУВА СИТЕ, без разлика на возраста, полот, верската, етничката или некаква друга припадност. Секоја група добива по еден од долунаведените начини на изразување со кои треба да се потрудат да го опишат таквото училиште преку:<br>· Цртеж<br>· Песна<br>· Писмен состав/есеј<br>· Плакат со наброени што е можно повеќе аспекти<br>По завршувањето, секоја група ја покажува својата работа на другите и објаснува зошто прикажзното е идеално училиште што ги почитува сите. |

**Забелешка:** За изготвување на програмата се користени Прирачник –

„Мултикултурни работилници за основни училишта” UNICEF

На часовите од Слободен изборен предмет може да се интегрираат содржини од предметите Македонски јазик, Историја и општество, Ликовно образование, Музичко образование

.